Иницијатива

До:
Државна комисија за спречување на корупцијата
Бул. Пресвета Богородица бр.3, Скопје

Скопје, 22 ноември 2023 година

**Предмет: Претставка против директорот на Национална Установа Конзерваторски Центар - Скопје, Константин Димитровски и членовите на стручната комисија која го изготвува позитивното конзерваторско мислење бр. 08-688/3 од 08.11.2023 на Национална Установа Конзерваторски Центар - Скопје за Основен проект (Архитектура) - Домување во станбени згради ул. „Никола Русински“ бб, ГП 6.01, КО Карпош, Скопје изработена од ГМС-Проект ДООЕЛ Скопје, Мирка Илоска, Нита Муча и Цветанка Хаџи Пецова.**

Почитувани,

Поради основано сомневање за трговија со влијание, корупција и конфликт на интерес на директорот на Национална Установа Конзерваторски Центар - Скопје, Константин Димитровски и членовите на стручната комисија формирана од него која го издавава позитивното конзерваторско мислење до ЗСФ-КОМ ДООЕЛ Скопје и ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје на 08.11.2023 по Основен проект (Архитектура) - Домување во станбени згради ул. „Никола Русински“ бб, ГП 6.01, КО Карпош, Скопје изработена од ГМС-Проект ДООЕЛ Скопје, бараме да се поведе постапка против нив.

Основата за сомневање е следна:

1. Директорот на Национална Установа Конзерваторски Центар - Скопје, Константин Димитровски е воедно и член на Комисијата за урбанизам на општина Карпош, каде го одобрил и дава позитивно мислење за

урбанистичкиот проект за објектот за кој потоа неговата установа издава конзерваторско мислење. Ова е основа за конфликт на интерес.

2. Неофицијално, НУ Конзерваторски Центар - Скопје изработува негативно конзерваторско мислење по објектот, но директорот Константин Димитровски го одзема предметот на лицето кое изготвило негативно мислење и составува стручна комисија од три члена по негов избор која потоа издава позитивно конзерваторско мислење.

3. Издаденото позитивно конзерваторско мислење не е во согласност со Правилникот за формата и содржината на образецот на конзерваторското мислење и за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на конзерваторското мислење ("Службен весник на Република Македонија" бр. 109/2016), каде во образложението на конзерваторското мислење **треба да е наведено дека објектот** кој се наоѓа во контактната зона на споменичката целина/поединечното заштитено добро Споменикот - Воена болница во Скопје, **е во согласност со режимот на заштита за контактната зона на споменичката целина/поединечното заштитено добро Споменикот - Воена болница во Скопје**.

   Во конзерваторското мислење наведено е мислењето на Управата за заштита на културното наследство (бр. 08-3122/2 од 03.11.2023 год.) во кое се вели дека градежната парцела 6.1 со намена А2 е речиси целосно доминантно лоцирана во контактната зона на Воената болница во Скопје и дека мислењето на Управата е дека градежната парцела 6.1 од ДУП за Градска четврт 3 05 треба да биде третирана како објект во контактна зона на Воената болница во Скопје.

   Според Заштитно-конзерваторските основи изработени за ДУП за Градска четврт 3 05 (бр. 07-590/8 од 23.09.2013 год.), за контакната зона на Споменикот - Воена болница во Скопје наведен е режим на заштита од трет степен кој подразбира можност за доградба и надградба на постојните објекти и изградба на нови објекти, со габарит и катност што нема да ги нарушува визурите на Споменикот.

   Во конзерваторското мислење наведено е дека објектот е во согласност со ДУП за Градска четврт 3 05 и дека намената на објектот е согласно истиот ДУП, но **не е наведен режимот на заштита** за контактната зона на Воената болница во Скопје и клучно, **не е наведено дека објектот е во согласност со наведениот режим на заштита, што е суштина и цел на конзерваторското мислење**.

   Режимот на заштита за контакната зона на Воената болница во Скопје јасно утврдува дека габаритот и катноста на нов објект нема да ги нарушува

визурите на Воената болница во Скопје. **Конзерваторското мислење воопшто не наведува дали објектот предвиден да биде со висина од П+1, П+10, П+16+Пк и П+17+Пк со габаритот и катноста ги нарушува визурите на Воената болница во Скопје.** Ова е клучното нешто што конзерваторското мислење требало да наведе, но не го навело. **Објект со ваков габарит и катност ќе ги наруши визурите на Воената болница во Скопје и тоа не е наведено и согласно не е издадено негативно мислење, туку е направено спротивното, издадено е позитивно мислење без основа.**

Вака издаденото позитивно конзерваторско мислење за изградба на објектот во контакната зона на Воената болница во Скопје со режим на заштита од трет степен, е спротивно на Правилникот, зошто **не е наведена согласноста од конзерваторски аспект, а тоа е согласност на објектот со утврдениот режим на заштита**.

Ова е основа за сомневање за трговија со влијание и корупција.

Поради ова, има основано сомневање за трговија со влијание, корупција и конфликт на интерес на директорот на Национална Установа Конзерваторски Центар - Скопје, Константин Димитровски, а основано сомневање за трговија со влијание и корупција на членовите на стручната комисија која го издавава позитивното конзерваторско мислење, Мирка Илоска, диа, конзерватор-советник, м-р Нита Муча, дипл. истор. на уметност, конзерватор, м-р Цветанка Хаџи Пецова, диа, конзерватор-советник.

Во прилог се доставени Конзерваторското мислење бр. 08-688/3 од 08.11.2023, Решението за формирање на стручна комисија бр. 08-688/2 од 03.11.2023, режимот на заштита од ДУП за Градска четврт З 05, Позитивно мислење на Комисијата за урбанизам од 06.10.2023.

Со почит,

Здружение за истражување, едукација и креирање еко политики О2 ИНИЦИЈАТИВА Скопје

Булевар Партизански одреди бр. 72А/41 Скопје-Карпош, Карпош

Овластено лице: Невена Георгиевска, претседател